# *104 години, континуитет, работа, успех*
# КОМОРА СО НЕКОЛКУ ПАТИ ПО 5 ЅВЕЗДИ



Република Северна Македонија
Претседател

СЕ ОДЛИКУВА

СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СО

ОРДЕН ЗА ЗАСЛУГИ ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

за својот 100-годишен грижлив и посветен влог и траен придонес во развојот на стопанството и во поврзувањето на различните еснафски стопанственички етруктури, со што се обезбеди сигурна основа за постојано иодобрување и за развој на условите за стопанисување и за конкурентност на пазарот, како темел за стабилност и за економски просперитет на државата.

Указ бр. 19
26 мај 2022 година

Стево Пендаровски



Орден за заслуги за Републиката во 2022 година



НИЕ ПРОДОЛЖУВАМЕ, НЕ СЕ ОТКАЖУВАМЕ.

ТРАСИРАМЕ ЕКОНОМСКИ ПАТ ЗА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ И ЗА СЕБЕ.

ЗА НАШЕ ПОДОБРО, МАКЕДОНСКО УТРЕ.
















Прилог од Стопанска комора
Изборот на содржините, погледите и ставовите изнесени во прилогот се на Стопанската комора.

# *104 години, континуитет, работа, успех*
# КОМОРА СО НЕКОЛКУ ПАТИ ПО 5 ЅВЕЗДИ

Стопанската комора одбележува 104 години постоење. Повеќе од еден век работа, посветеност, лојалност кон членките, взаемна доверба. И сето тоа дава резултати. Трудот е верификуван, за што Комората во континуитет добива престижни релевантни признанија.

Ако пред повеќе од 20 години визијата беше да се направи „Комора со пет ѕвезди“, денеска по создадени бројни успешни проекти, излегувајќи во пресрет на современите барања на бизнисот, изградивме „Комора со неколку пати по 5 ѕвезди“, преточени во ликовите на бизнисмени и на стручни лица во Комората, кои ги движат процесите, размислуваат, иницираат, преземаат одговорност, и се соочуваат со големите предизвици во економијата: светските глобални текови, процесот на одлив на мозоци и интернационализација на бизнисите и за поддршка на извозните компании. Кога ќе се погледне како делува, апаратот на Комората успеа, во овие повеќе од две децении, макотрпно работење, да профилира коморски ликови, од една страна меѓу вработените во институцијата, а од друга страна и меѓу бизнисмените кои го разбираат заедничкото делување како основа за успешно процесирање на




дигитален шампион за мал-бизнис од Светската трговска организација во 2021 година

иницијативите на компаниите.

Службите во Комората може да делуваат и да креираат иницијативи, само доколку бизнисот има капацитет и тим кој знае добро, системски и здружено да делува и да предлага активности. Се направи статешката трансформација на Стопанската комора во „Комора на иднината“. Во таа стратешка определба своја улога имаа бизнисмените кои со своите предлози, идеи, ставови ги сцртаа контурите на идното коморско делување.

Дел од нив, помлади, ентузијасти,

Ако иднината останува на младите, тогаш Комората има иднина со кадарот кој е потенцијалот на институцијата



Д-р Татјана Штерјова Душковска, Оперативен директор во организационата целина за развој, иновации и знаења



м-р Михајло Донев, помошник оперативен директор во организационата целина за развој, иновации и знаења



м-р Сања Николова, Проектен менаџер во организационата целина за претставување на членките и вмрежување



Даниел Матракоски, менаџер во организационата целина за претставување на членките и вмрежување



м-р Кирил Коровешовски, извршен директор на ГС1 Македонија

спремни за нови предизвици и успеси во интерес на бизнис делувањето во државата. Дел од тимот бизнисмени кои во Комората свои траги и белег, оставиле со своето искуство, знаење и широки погледи и ги поставиле основите на новото бизнис делување во плуралистичкиот коморски систем. Но, и такви кои се спој на поискусните и помладите и кои со своето бизнис искуство и сеуште исклучително активни во креирање и иницирање бизнис активности ја формираат економската слика на стопанството.

СКСМ успеа да ги обедини токму таквите бизнисмени кои делуваат во органите и телата, како јадро кое активно учествува по разни основи, на разни теми и содржини во креирање на економската политика во државата.




# 104 ГОДИНИ СТОПАНСКАТА КОМОРА – ПРЕКУ ИСКУСТВО ДО ИНОВАЦИЈА

## силно партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор

Стопанската комора не е само сведок на економската историја, туку и креатор нејзината иднина. Во ера на глобални дигитални трансформации и непредвидливи пазарни текови, 104 години коморско делување, само ја потврдува нејзината улога на незаменлив столб на бизнис заедницата, партнер на државните институции и двигател на националниот напредок.

### Економски суверенитет и долгорочно партнерство

Многу децении поминати, променети бројни економските системи и владини гарнитури. Но, една константа останува непроменета – визијата на домашните компании за силна, конкурентна и извозно ориентирана економија. Стопанската комора веќе 104 години функционира како врвна платформа која ги артикулира барањата на реалниот сектор пред креаторите на политиките.

Нивната порака останува идентична сите овие години - одржлив економски раст е можен само преку предвидлив деловен амбиент, владеење на правото и стратешки дијалог.

Новата ера на дигитализација, декарбонизација и напредни технологии, наметнува целосно свртување кон иднината. Модерниот корпоративен развој наметнува нови императиви:

- Поддршка за македонските компании во имплементација на напредни технологии како дел од коморските проекти, согласно развојот на 5.0 индустријата и вештачката интелигенција;
- Насочување на стопанството кон енергетска






ефикасност и декарбонизација за задржување на конкурентноста на европските пазари, согласно зелената агенда и ESG стандардите;

- Засилување на регионалната соработка преку Коморскиот инвестициски форум (КИФ) и поврзување на домашните синџири на снабдување со интернационалните пазари, согласно глобалната интеграција.

## Влог во новите млади генерации

Зад секој економски успех стојат инвестиции, нови вработувања, одржување на постојните, едукација, вложување во иновации.... Токму

затоа за Комората од особено значење е поддршката за младите претприемачи и стартап-заедницата, за да се градат нови млади бизнис лидери преку интензивни менторски програми и трансфер на знаење од искусните корпорации.

Со 104 години искуство зад себе и со визија за целосна економска трансформација, Стопанската комора продолжува да биде гласот на разумот, напредокот и стабилноста на македонската економија.

Комората останува цврст партнер на државата во градењето на реформи кои значат зголемена продуктивност, развој на човечкиот капитал и силно партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор.

Нашето партнерство со државните институции не е прашање на избор, туку економски императив. Во изминативе 104 години докажавме дека најдобрите и најодржливите реформи се оние кои се донесени низ отворен и рамноправен дијалог помеѓу креаторите на политиките и реалниот сектор. Бизнисот не бара привилегии, туку предвидливост, владеење на правото и ефикасна администрација. Само кога јавниот и приватниот сектор чекорат во ист правец, со заеднички визии за дигитализација и извоз, можеме да изградиме силна и конкурентна национална економија.“ ■




**На овој 104 годишен јубилеј порачуваме:**

**Владата ја поставува рамката, Комората го движи моторот. Само со заеднички фокус, економијата може да испорача брз и одржлив развој.**



















